## ЧЕКОРИ!

Опортунистичкиот скрининг во Р. Македонија се спроведува со ФОБ-тестови, кои ги обезбедува Министерството за здравство.

ФОб-тестовите се распределени по матичните лекари и тие одлучуваат на кои пациенти ќе понудат преглед со тест за рана детекција на рак на дебело црево. Приоритетни се лицата кои анамнестички даваат податок за присуство на ризик фактори (заболен од рак на дебело црево во семејството, колоректален полип, проблеми со столицата или други проблеми). Пациентите од своите матични лекари можат да подигнат по 3 ФОБ-теста, кои се доволни за утврдување на наод на крв во столицата (изметот).

Флаконите со материјалот понатаму се носат во Центрите за јавно здравје поради нивно испитување и добивање на резултати. При позитивен тест, матичниот лекар го упатува пациентот на дополнителни испитувања, како би се утврдило дали боледува од КРК и во која фаза на болеста се наоѓа пациентот. Со потврдување на позитивен наод се пристапува кон лекување на пациентот. Операцијата е најчестиот третман во лекувањето. Кога ракот е веќе проширен, хемотерапија или зрачење можат да се дадат пред или по операцијата.

## Тестирајте се со ФОБ-тест и спречете ја болеста!

**НАМАЛУВАЊЕ НА РИЗИК И РАНО ОТКРИВАЊЕ НА РАК НА ДЕБЕЛО ЦРЕВО СПАСУВА ЖИВОТИ!!!**

**Затоа:**

- Бидете физички активни најмалку 30 минути, најмалку пет дена во неделата!
- Одржувајте здрава телесна тежина!
- Немојте да пушите. Ако пушите, престанете!
- Кога станува збор за ризикот од рак на дебелото црево, најдобар совет е: Ако не пиете, не започнувајте! За луѓето кои веќе пијат, Американскиот институт за истражување на рак (AICR), препорачува ограничување на алкохолот на:
  - жените не повеќе од еден жесток алкохолен пијалок дневно или 45 мл!
  - мажите не повеќе од два жестоки алкохолни пијалоци дневно или 90 мл!
- Јадете овошје, зеленчук и интегрални житарки, тие ќе Ви помогнат да бидете и останете здрави!
- Јадете помалку црвено месо и други преработки од месо!

Република Македонија
Министерство за здравство

Институт за јавно здравје
на Република Македонија



# НАУЧИ ЗА РАНО ОТКРИВАЊЕ НА РАК НА ДЕБЕЛО ЦРЕВО!

Ракот на дебелото црево е малигно заболување кај жените и кај мажите. Раните фази на ракот обично се без симптоми. Во понапредна фаза кај луѓето можат да се јават следниве симптоми:




- Крварење од дебелото црево или крвава столица;
- Промена во навиките на дебелото црево;
- Столици кои се потенки од вообичаеното;
- Општо проблеми во стомакот, како што се надуеност и грчеви;
- Пролив, запек или чувство дека движењето во дебелото црево не е сосема целосно;
- Слабеење без очигледна причина;
- Малаксалост;
- Повраќање.

**Зголемен ризик**

- Луѓе на возраст од 50 и повеќе години;
- Луѓето кои пушат;
- Луѓето кои имаат прекумерна телесна тежина или се многу дебели, особено оние кои се подебели во пределот на половината;
- Лица кои не се физички активни;
- Луѓето кои пијат поголеми количества алкохол, посебно мажите;
- Луѓето кои јадат големи количини црвено месо (говедско, свинско или јагнешко месо) или преработено месо (сланина, колбаси, салами и др);
- Лицата со лична или семејна историја на колоректален карцином или бенигни (неканцерозни) колоректални полипи;
- Лицата со лични истории на инфламаторни болести на дебелото црево (како улцеративен колитис или Кронова болест).

**Ако имате некои од симптомите и знаците за колоректален карцином, посетете го Вашиот лекар!!!**

**Скрининг** е метода на откривање болест пред да се јават симптоми. Тој овозможува откривање на ракот во раниот стадиум пред да стане инвазивен.

Скринингот има за цел да обезбеди преживување, да го намали морбидитетот и да го унапреди квалитетот на животот на оние кои развиле канцер. Неговата цел е намалување на ризикот, но тој не дијагностицира болест. Теоретски постои широк спектар на различни скрининг методи за колоректален карцином, но искуствата од истражувањата кои имале за цел да го идентификуваат најефективниот скрининг протокол за употреба во општата асимптоматска популација се на страна на тестот за детекција на окултното крварење или таканаречен **ФОБ - тест (Fecal Occult Blood Test – FOBT)**.

Американската асоцијација за гастро-ентерологија препорачала тестирање за откривање на окултно крвавење во фецесот за сите луѓе над 50 годишна возраст, еднаш годишно. Бидејќи ракот на дебелото црево кој се нарекува и колоректален карцином е подложен на крвавење, испитување за постоење на присуство на окултно крвавење може да ги селектира кандидатите за подетално испитување со ендоскопски или радиолошки процедури.

